РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Сертифициран систем според / Sistemi i certifikuar sipas ISO 9001:2015 No. Q-1125/0

Бр./ Nr./ No. 04-427/20 Скопје,Shkup,Skopje 07.11.2022 година/viti/year

Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер врз основа на член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ“ број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/19), донесе:

**О Д Л У К А**
**за неизбор на еден (1) кандидат за вработување на определено време за период до 31.12.2022 година**

1. За работно место **Помлад соработник за работа на проекти,** Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација- **еден (1) извршител** не се врши избор на кандидат за вработување на определено време за период до 31.12.2022 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На ден 14.09.2022 година беше распишан Јавен оглас број 1/2022 за вработување на двајца (2) извршители на определено време за период до 31.12.2022 година, објавен на веб страната на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Агенцијата за вработување и во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, за работните места: Советник за преводи на англиски јазик, Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација–еден (1) извршител и Помлад соработник за работа на проекти, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација- еден (1) извршител.

Согласно член 23 став 4 од Законот за работните односи Јавиот оглас број 1/2022 за работно место Помлад соработник за работа на проекти, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација- еден (1) извршител заврши со неизбор.

**Правна поука**: Против оваа одлука во рок од 15 дена од приемот на известувањето може да се бара надомест на штета пред надлежниот суд.

**Директор,**

**Пламенка Бојчева**

Подготвил: Василка Поп Ѓорѓиева

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk